Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 38- 224693/1
Датум 10-07-2013

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

До
Министерство за информатичко општество и администрација

предмет Доставување на забелешки по предлог Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги

Почитувани,

Ви благодариме за дадената можност за доставување на забелешки и мислења по предлог Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги објавен на интернет страницата ener.gov.mk.

Во прилог на овој допис Ви ги доставуваме нашите забелешки на предлог Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со почит,

Директор на сектор за Регулативни прашања
Слободанка Гиевска

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660 | Основна главнина МКД 9.583.887.733,00

ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

# ЗАКОН ЗА МЕДИУМИ И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Член од законот | Предлог | Објаснување |
| --- | --- | --- |
| **Член 1**<br><br>Со овој Закон се уредуваат правата, обврските и одговорноста на издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги и на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите. | Со овој Закон се уредуваат правата, обврските и одговорноста на издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги и на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги дистрибуираат односно пренесуваат до јавноста или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите до своите крајни корисници. | Сметаме дека терминот „емитуваат" е посоодветен за дејноста што радиодифузерите ја вршат, а за оператори на јавни комуникациски мрежи посоодветно е да стои „дистрибуираат односно пренесуваат до јавноста". Дополнително се создава забуна со дефинициите дадени во член 3 точка 14, 15, и 16, потоа во член 22 став 2 алинеја 9 каде терминот "емитување" е два пати употребен во различна смисла; член 40 став 4. |
| **Член 3**<br>**Дефиниции**<br><br>3. **Електронски публикации** се електронски верзии на весници и магазини кои преку интернет веб страни се достапни за пошироката јавност, без оглед на нивниот обем. | | Да се појасни дали оваа одредба се однесува на останатите информативно-забавни портали кои не се електронски верзии на печатени весници и магазини, односно не излегуваат во печатена форма, а сепак објавуваат вести, забавни и сл. информации и содржини, односно се наменети за да ја информираат и да ги задоволат културните, образовните и другите потреби на јавноста. Се создава забуна во член 3 став 1 точка 6 алинеја 4 потточка 6 каде е наведено |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека електронските верзии на весници не се аудиовизуелни услуги. |
| 10. **Уредничка одговорност во аудио / аудиовизуелна медиумска услуга** значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема), во случај на телевизиско или на радио емитување (линеарни услуги), или во каталогот на програми, во случај на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (нелинеарни услуги). | **Точка 10 се менува и гласи:**<br>**Уредувачка одговорност во аудио аудиовизуелна медиумска услуга** значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема), во случај на телевизиско или на радио емитување (линеарни услуги), или во каталогот на програми, во случај на на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (нелинеарни услуги) кога услугата ја обезбедува истото лице. | Бараме прецизирање на оваа одредба поради фактот што во некој случај услугата по барање е дадена како таква од страна на трето лице и за вака дадениот каталог не може да се предвиди уредувачка одговорност на давателот на услугата. Конкретно, кај услугата на барање на ХБО се работи за услуги на барање каде каталогот го уредува трета страна, така што се создава дилема при разграничувањето на уредувачката одговорност. |
| 14. **Емитување** е изворно предавање на програми, наменети за прием од страна на јавноста што се распространуваат преку електронска комуникациска мрежа. | | Молиме за појаснување дали „емитување“ се однесува на активноста на радиодифузер како што во точка 15 и 16 се поделени на радио и телевизиско емитување каде уредничката одговорност за програмите ја имаат и изворното продуцирање на сигналот го вршат радиодифузерите или се мисли на „емитување |

| | | |
|---|---|---|
| | | како што дефинирано во член 1 од овој закон. Доколку се мисли на емитување согласно член 1, сметаме дека е подобро да се користат термините дистрибуција, распространување или пренесување. |
| **18. Дистрибуција** односно пренесување е технички пренос на сигнал на радио и телевизиски програми до јавноста. | Предлагаме да се додаме нова точка 18 со која ќе се дефинира дистрибуцијата на сигналот од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. | Сметаме дека со додавањето на оваа дефиниција ќе се направи јасна дистинкција помеѓу термините: емитување, дистрибуција и реемитување. |
| 20. **Реемитување** на програмски сервиси е јавна електронска комуникациска услуга која ја обезбедува оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и преставува примање и истовремено пренесување на радио или телевизиски програмски сервиси, врз основа на регулирани авторски права, во целост и без било каква модификација во нивната програмска содржина, за кои уредничката одговорност ја имаа радиодифузерите и кои радиодифузерите ги емитуваат за прием од страна на јавноста. | | Предложеното дополнување на дефиницијата за реемитување е повторно во насока на јасно разграничување помеѓу емитувањето кое се врши од страна на радиодифузерите кои имаат уредничка одговорност врз програмите кои ги емитуваат и реемитувањето кое се состои во целосно и непроменето пренесување на програмите изворно емитувани од радиодизфуерите. |

| | | |
|---|---|---|
| **32. Дополнителни услуги** се аудиовизуелни медиумски услуги на обезбедување на содржини кои ги следат односно ги надополнуваат радио или аудиовизуелните програми кои се емитуваат преку електронски комуникациски мрежи. Пример за такви услуги меѓу другото се титлови, електронски програмски водич (EPG) и слично. | | Да се дообјасни дефиницијата или да се избрише. Се поставува прашањето кој ги дава овие услуги и која е нивната регулација. |
| **Член 6**<br><br>**Обврска за објава на одредени информации**<br><br>(1) Издавачите на медиуми и давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање се должни на барање на надлежен државен орган или тело, без надомест да објавуваат соопштенија, како и службени изјави на надлежните државни органи или тела во случај на воена состојба или непосредно загрозување на независноста и суверенитетот на Република Македонија, во случај на големи природни непогоди, техничко-технолошки и еколошки несреќи и епидемии кога постои опасност за животот и здравјето на луѓето, сигурноста на земјата, како и јавниот ред и мир. | **Став1 се менува и гласи:**<br>Издавачите на медиуми и давателите на аудиовизуелните медиумски услуги се должни на барање на надлежен државен орган или тело, без надомест да објавуваат соопштенија, како и службени изјави на надлежните државни органи или тела во случај на воена состојба или непосредно загрозување на независноста и суверенитетот на Република Македонија, во случај на големи природни непогоди, техничко-технолошки и еколошки несреќи и епидемии кога постои опасност за животот и здравјето на луѓето, сигурноста на земјата, како и јавниот ред и мир. | Во став 1 предлагаме да по зборот услуги да се избришат зборовите: „по барање". Сметаме дека соопштенијата, како и службените изјави на надлежните државни органи или тела во случај на воена состојба или непосредно загрозување на независноста и суверенитетот на Република Македонија, во случај на големи природни непогоди, техничко-технолошки и еколошки несреќи и епидемии кога постои опасност за животот и здравјето на луѓето, сигурноста на земјата, како и јавниот ред и мир, треба да се објавуваат веднаш, во живо за да ја исполнат својата цел за информирање на јавноста, Доколку се објават во некој каталог на |

| | | |
|---|---|---|
| | | содржини на давателот на аудиомедиумски услуги по барање каде давателот на услуги по барање може да ги објави нема да ја остварат својата цел да ја информираат јавноста во моментот на случување на настанот. |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 14**<br><br>**Поттикнување на саморегулација**<br><br>(1) Одредени прашања кои што се опфатени со овој Закон може да се доуредат со саморегулација, прифатена од главните засегнати страни, со цел да се обезбеди нивна ефикасна и воедначена примена во праксата.<br><br>(2) Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги на својата веб страна ги објавува прифатените акти согласно ставот (1) на овој член. | | Молиме да се појасни одредбата во насока на дообјаснување во што точно би се состоела и на кој начин би се вршела споменатата саморегулација, како и кои се засегнатите страни и кои прашања меѓусебно истите можат да ги решаваат со на овој начин. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Член 16**<br><br>**Јавност во работата на издавачите на медиуми**<br><br>(1) Издавачите на медиуми се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги согласно овој закон да и достават податоци за:<br><br>– сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го | | |

| | | |
|---|---|---|
| стекнале и датумот на стекнување;<br>– подотоци за одговорниот уредник/уредници;<br>– податоци за изворите на финансирање на издавачот на медиумот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично);<br>– податоци за остварените вкупни приходи и расходи на издавачот на медиум во претходната година, од обезбедувањето на дејноста, и<br>– податоци за просечната продажба на печатен медиум, односно податоци за просечната слушаност или гледаност на издавачот на медиум во претходната година.<br><br>(2) Издавачите на медиуми се должни податоците од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да и достават на Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.<br><br>(3) Радиодифузерите се должни податоците од ставот (1) алинеи 1,2 и3 на овој член да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да и достават на Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето на начин пропишан од страна на Агенцијата.<br><br>(4) Образците од ставот (1) на овој член се објавува на веб страната на Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни | | |

| | | |
|---|---|---|
| медиумски услуги.<br><br>(5) Радиодифузерите се должни на Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги да и доставаат писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа. Писмениот извештај се доставува на образец кој го пропишува Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги.<br><br>(6) Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги писмено ќе го опомене издавачот на медиумот кој нема да ги изврши обврските предвидени со овој член и ќе му даде дополнителен рок кој не може да биде пократок од 45 дена а во кој издавачот на медиумот ќе биде должен да ги изврши обврските од овој член. Доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување.<br><br>(7) Издавач на печатен медиум е должен на Националната и Универзитетска библиотека на Република Македонија, бесплатно, да и доставува примерок од секој издаден број на печатен медиум.<br><br>(8) Одредбите од овој член не се однесуваат на јавниот | | Молиме во став 6 да се појасни на кој начин ќе постапува и кои мерки ќе ги преземе Агенцијата во случај кога останатите издавачи на медиуми, (освен радиодифузерите), нема да ги извршат обврските определни во овој член 16, бидејќи истиот се однесува и на останатите издавачи на медиуми, а не само на радиодифузерите, за кои е конкретно дефинирано дека доколку не се придржуваат до овие обврски Агенцијата ќе им ја одземе дозволата за тв или радио емитување, па се наметнува прашањето што е со останатите издавачи на медиуми. |

| | | |
|---|---|---|
| радиодифузен сервис.<br><br>**Член 30**<br><br>**Надлежности на Агенцијата**<br><br>Агенцијата во согласност со овој закон:<br><br>- се грижи за обезбедување на јавност во работата на издавачите на медиуми;<br>- се грижи за заштита и развој на плурализмот на медиумите и аудиовизуелните медиумски услуги, како и за постоење на разновидни, независни и самостојни медиуми;<br>- презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите ;<br>- се грижи за обезбедување заштита на малолетната публика;<br>- ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон;<br>- се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на медиумите и аудиовизуелните медиумски услуги по барање;<br>- утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација;<br>- одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување;<br>- презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | | |

| | | |
|---|---|---|
| од други држави на територијата на Република Македонија согласно членот 53 од овој закон.;<br>- донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија;<br>- поттикнува медиумска писменост;<br>- врши програмски и стручен надзор согласно членовите 152 и 153 од овој закон ;<br>- ги води регистрите утврдени со овој закон;<br>- спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на медиумите и аудиовизуелни медиумски услуги и<br>- врши и други работи утврдени со овој закон. | Предлагаме во член 30 став 1 алинеја 13 точно да се наведат регистрите за чие водење, објавување и ажурирање ќе биде надлежна Агенцијата | Предлогот за наведување на регистрите кои ќе ги води Агенцијата произлегува од потребата за јасно и точно дефинирање на надлежностите на Агенцијата како надлежен регулатор во областа на аудио / аудиовизуелните медиумски услуги. |
| **Член 50**<br>**Соработка**<br><br>(1) Агенцијата е должна да соработува, дава мислења, предлози и разменува податоци со министерството надлежно за работите од областа на медиумите и аудиовизуелните медиумски услуги, Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државната комисја за спречување на корупција, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Државна изборна комисија, телото надлежно за заштита на авторските и сродните права и други државни тела, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локалната самоуправа, јавни установи и институции од Република Македонија.<br><br>(2) Агенцијата е должна да соработува и разменува информации со Државниот пазарен инспекторат, телото надлежно за заштита на авторските и сродните права и други | | Да се прецизира кое е телото надлежно за заштита на авторските и сродните права. |

| | | |
|---|---|---|
| надлежни органи и тела со цел да се обезбеди правна заштита на услугите кои се засноваат на или опфаќаат условен пристап, како и во спречувањето на можноста за употреба на недозволени направи кои овозможуваат пристап до услугите со условен пристап согласно закон.<br><br>(3) Агенцијата согласно своите надлежности а во насока на спроведување на одредбите на овој закон, соработува со регулаторните тела од други држави и меѓународни институции и тела.<br><br>(4) Агенцијата во својата работа треба да ги има предвид препораките на Европската Комисија, актите на Советот на Европа, меѓународните конвенции кои ги ратификувала Република Македонија како и искуството на земјите членки на Европската Унија. | | |
| **Член 62**<br>**Информации достапни за корисниците**<br><br>(1) ) Давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги треба на своите корисници да им овозможат лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци:<br><br>- името на давателот на аудио и аудиовизуелната медиумска услуга, односно називот, заштитниот знак или сопствениот скратен идентификациски знак (авизо, лого и слично);<br>- адресата на седиштето на давателот на аудио и аудиовизуелната медиумска услуга;<br>- податоци за контакт со давателот на аудио и аудиовизуелната медиумска услуга (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); | | Бараме појаснување дали оваа одредба се однесува на сите давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на давателите на линеаани аудиовизуелни медиумски услуги. |

| | | |
|---|---|---|
| -доколку е технички возможно и податоци за надлежното регулаторно тело.<br><br>(2) Знаците за идентификација мора да бидат истакнати континуирано на сите програми, односно да се емитуваат најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програмата.<br><br>(3) Давателите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги можат да ги употребуваат само нивните знаци за идентификација.<br><br>(4) Давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се должни за секоја промена на нивните знаци за идентификација да достават примерок од нив до Агенцијата. | | |
| **Член 63**<br>**Обврски при обезбедувањето на наградни игри или различни облици на наградно учествување**<br><br>Наградните игри или различните облици на наградно учествување на слушателите и гледачите на аудио или аудиовизуелна програма, давателот на аудио и аудиовизуелни медиумските услуги е должен да обезбеди недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда , на начин пропишан од страна на Агенцијата. | Член 63 да се брише | Начинот и постапката за организирање на игри на среќа е пропишана со посебен закон и во надлежност на други органи. |
| **Член 67**<br>**Промоција на производство и пристап до европски дела**<br><br>(1) Давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, тогаш кога тоа е изводливо и со соодветни средства, треба да го промовираат производството и пристапот до европски дела. Таквото промовирање може да | Член 67 се менува и гласи:<br><br>(1) Давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, тогаш кога тоа е изводливо и со соодветни средства, треба да го промовираат производството и пристапот до | Предлагаме да се избришат ставот 3 Вака како што е даден членот 67 ставот 1 е контрадикторен со ставот 3. Имено во ставот 1 стои: „тогаш кога тоа е изводливо и со |

| | | |
|---|---|---|
| се однесува, меѓу другото на:<br><br>- финансискиот придонес за производство и стекнување права за европски дела или<br>- застапеноста и/или поставеноста на европските дела во каталогот со програми.<br><br>(2) Критериумите и начинот за промовирање на производство и пристап до европските дела од овој член ги пропишува Агенцијата.<br><br>(3) На барање на Агенцијата давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да доставаат документи во врска со имплементацијата на одредбата од ставот (1) од овој член. | европски дела. Таквото промовирање може да се однесува, меѓу другото на:<br><br>- финансискиот придонес за производство и стекнување права за европски дела или<br>- застапеноста и/или поставеноста на европските дела во каталогот со програми. | соодветни средства, треба да го промовираат производството и пристапот до европски дела", а во ставот 3 се вели дека критериумите ги одредува Агенцијата и на нејзино барање треба да се обезбедат соодветни документи за имплементацијата. |
| Член 69<br>Начин на емитување<br>(1) Емитување на телевизиски програмски сервис, може да се врши преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит.<br><br>(2) Емитување на радио програмски сервис може да се врши преку радиофреквенции, преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит. | | Јавната електронска комуникациска мрежа користи платформа, а платформата претставува ограничен ресурс. Исто така остануваме на претходните коментари дека терминот :„емитување е несоодветен и треба да се користи друг термин како што е: дистрибуција или пренос. |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 82**<br>**Доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс**<br><br>(1) За доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, не се распишува јавен конкурс и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна на начин и постапка утврдени со овој закон.<br><br>(2) Дозволата од ставот (1) од овој член ја доделува Агенцијата<br><br>(3) Барањето од ставот (1) од овој член треба особено да содржи:<br><br>- Име и презиме, адреса, факс, е-маил и акт за државјанство на барателот или фирма и седиште на правното лице доколку барателот е правно лице;<br>- Природата и обемот на учество кој ќе го има барателот во сопственичката структура на радиодифузерот и негово учество во сопственичката структура во други радиодифузери, доколку ја има,<br>- Име или назив и матичен или даночен број на други физички и правни лица кои ќе учествуваат во сопственичката структура на радиодифузерот и нивното учество во други радиодифузери, доколку ги има;<br>- Податоци за други правни и физички лица кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот, од аспект | | Исто така сметаме дека не е потребно склучување на пред-договор, доволно е склучување на договор со одложен услов,однос истиот да започне да важи и да се применува односно да има правно дејство врз страните доколку радиодифузерот обезбеди лиценца од Агенцијата |

| | | |
|---|---|---|
| на поврзани лица во смисла на овој закон;<br>- Седиштето каде што ќе биде радиодифузерот како и седиштето каде што ќе се носат уредувачките одлуки;<br>- Дејност (радио/телевизија);<br>- Нивото, односно подрачјето на гледаност односно слушаност на кое ќе се врши дејноста;<br>- Техничкото средство за емитување (јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или сателит, и<br>- Рок на започнување со вршење на дејноста.<br><br>(4) Со барањето од ставот (1) од овој член се доставува и пред-договор за емитување на програмскиот сервис, заверен на нотар, склучен со операторот на јавната електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс или со операторот на сателит, како и документацијата определена во член 79 став (3) на овој закон.<br><br>(5) Образецот на барањето од ставот (1) од овој член го изготвува Агенцијата и истиот се објавува на веб страната на Агенцијата.<br><br>(6) Доколку барањето не ги содржи податоците од ставовите (3) и (4) од овој член, Агенцијата во рокот од 30 дена од денот на приемот на барањето ќе го извести за тоа барателот и ќе го задолжи во рок од 10 дена од денот на приемот на известувањето да го дополни барањето.<br><br>(7) Агенцијата ќе ја донесе одлуката за доделување на дозволата од ставот (1) на овој член во рок од три месеци од денот на приемот на уредното барање, доколку утврди дека барателот ги исполнува условите и обврските утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на него и | | |

| | | |
|---|---|---|
| доколку на барателот не му била одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните пет години.<br><br>(8) Пред да ја донесе одлуката од ставот (7) на овој член, Агенцијата може да побара од барателот појаснување на одредени делови од барањето и документацијата од ставовите (3) и (4) од овој член,на начин утврден во Деловникот за работа на Агенцијата.<br><br>(9) Агенцијата, одлуката за доделување дозвола ќе ја објави на својата веб страната . | | |
| **Член 88**<br>**Надоместок за користење на радиофреквенции**<br><br>За користење на радиофреквенциите се плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата за електронски комуникации согласно со Законот за електронските комуникации. | Член 88 да се брише. | Користењето на радиофреквенциите и плаќање годишен надоместок е уредено со посебен закон како што стои и во самиот член. Вака се прави само непотребно обременување на овој закон. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Член 94**<br><br>**Утврдување на листа на настани од големо значење**<br><br>(1) Советот донесува одлука со која утврдува листа на настани (национални или меѓународни) за кои смета дека се од големо значење за општеството и при тоа одредува дали тие настани треба да бидат во целост или делумно достапни за директен пренос или онаму каде е тоа неопходно или соодветно за јавниот интерес, а од објективни причини, во целост или делумно достапни преку одложен пренос. Одлуката треба да содржи и дополнителни податоци за тоа што треба да направат заинтересираните радиодифузери за да се почитува листата на настани од големо значење утврдена во другите држави.<br><br>(2) Агенцијата е должна за одлуката од ставот (1) на овој член да ја извести Европската комисија.<br><br>(3) Одлуката од ставот (1) на овој член, Советот е должен да ја донесе благовремено и на јасен и транспарентен начин | Член 94 се менува и гласи:<br><br>1) Советот донесува одлука со која утврдува листа на настани (национални или меѓународни) за кои смета дека се од големо значење за јавноста и при тоа одредува дали тие настани треба да бидат во целост или делумно достапни за директен пренос или онаму каде е тоа неопходно или соодветно за јавниот интерес, а од објективни причини, во целост или делумно достапни преку одложен пренос. Одлуката треба да содржи и дополнителни податоци за тоа што треба да направат заинтересираните радиодифузери за да се почитува листата на настани од големо значење утврдена во другите држави. | Сметаме дека е подобро да се користи терминот : „јавност“ отколку терминот: општество. Исто така сметаме дека во законот треба да се дадат насоки кои настани се од големо значење и со подзаконски акт да се уреди листата. |

| | | |
|---|---|---|
| согласно членот 34 од овој закон. | | |
| **V. РЕЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ПРЕКУ ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ**<br><br>**Член 112**<br>**Реемитување на програмски сервиси**<br><br>(1) Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа пред да започне со реемитување на програмски сервиси во Агенцијата доставува пријава за негово евидентирање во регистерот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и регистрација на програмските сервиси кои ќе ги реемитува како целина во вид на програмски пакет .<br><br>(2) Пријавата од став (1) на овој член особено содржи:<br>- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на операторот;<br>- име и презиме на одговорното лице на операторот;<br>- програмскиот пакет, односно листа на програмски сервиси од радиодифузери кои операторот планира да ги реемитува;<br>- начинот на кој операторот ќе го обезбедува програмскиот пакет;<br>- подрачје на кое операторот ќе го обезбедува | | |

| | | |
|---|---|---|
| програмскиот пакет (сервисна зона), и<br>– датум на започнување со обезбедување на програмскиот пакет.<br><br>(3) Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.<br><br>(4) Оператор кој реемитува програмски сервиси, треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од радиодифузна такса.<br><br>(5) Оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно член 52 од овој закон.<br><br>(6) Агенцијата со подзаконски акт ќе ја пропише содржината и формата на пријавата, и потврдата за регистрација. Образецот на пријавата се објавува на веб страната на Агенцијата.<br><br>(7) Со пријавата, одговорното лице на операторот доставува и изјава заверена на нотар со која потврдува под целосна кривична и материјална одговорност дека за реемитување на програмските сервиси од ставот (2) на овој член има уредено авторски и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права. | | |

| | | |
|---|---|---|
| (8) Доколку пријавата е нецелосна, односно не ги содржи податоците утврдени во ставовите (2) и (7) на овој член, Агенцијата во рок од три дена од денот на приемот на пријава, за тоа писмено ќе го извести операторот и ќе го задолжи во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето да ја комплетира пријавата.<br><br>(9) Доколку оператотот не постапи по пиосменото известување од ставот (8) од овој член ќе се смета дека пријавата не е доставена.<br><br>(10) Агенцијата во рок од седум дена од денот на приемот на целосната пријава ќе издаде потврда за регистрирање на програмскиот пакет на операторот.<br><br>(11) Агенцијата е должна во рок од пет работни дена од денот на издавањето на потврдата од ставот (8) на овој член истата да ја достави до Агенцијата за електронски комуникации.<br><br>(12) Агенцијата води регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети и истиот особено содржи:<br><br>– назив и адреса на операторот;<br>– име и презиме на одговорното лице на операторот ;<br>– програмскиот пакет, односно листата на програмски сервиси за кои операторот има регулирано авторски и сродни права за нивно реемитување; и<br>– подрачје на кое операторот ќе ги реемитува | Став 7 да се брише. | Изјавата определена со став 7 од овој член само ја обременува целата постапка, а истовремено не придонесуваат во засилување на заштитата на авторските права кога се има предвид кривичната одговорност предвидена за прекршување на авторските права. |

| | | |
|---|---|---|
| програмските сервиси (сервисната зона).<br><br>(13) Агенцијата ги објавува на својата веб страна податоците од регистарот од став (10) на овој член.<br><br>(14) Пред да направи промена на податоците наведени во ставот (2) алинеи 1 и 2 од овој член, операторот е должен да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена по промената. Доколку се врши промена во програмскиот пакет, по сопствена иницијатива или врз основа на правосилна судска одлука, операторот е должен за тоа да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена по настанатата промена, како и да достави нова изјава од ставот (7) на овој член. Агенцијата е должна во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето за промена на програмскиот пакет за истото да ја извести Агенцијата за електронски комуникации. | Став 14 се менува и гласи:<br>Промена на било кој податок наведен во регистарот од став (10) на овој член, операторот е должен да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена по настаната промена, а Агенцијата во рок од седум дена од денот на извршената промена ја евидентира промената во регистарот од став (10) на овој член.<br>Агенцијата е должна во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето за промена на програмскиот пакет за истото да ја извести Агенцијата за електронски комуникации. | Промената може да се пријави откако е настаната, исто како што е предвидено и во Законот за електронски комуникации, а не претходно. |
| (15) Агенцијата е должна во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од ставот (14 ) на овој член за извршената промена да ја евидентира промената во регистарот од ставот (12) од овој член. | | |
| (16) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.<br><br>(17) Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно овој закон, утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е реегистриран | 16) Да се брише | Ова е веќе регулирано во Правилникот за Општи услови кои операторите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават..... каде што за операторот на јавна електронска комуникациска мрежа е предвидена обврска во претплатничките договори да го ствани минималниот број на канали кои се обврзува да ги реемитува. |

| | | |
|---|---|---|
| согласно овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис. За донесеното решение Агенцијата ја известува Агенцијата за електронски комуникации и имателот на авторските и сродните права. Решението за исклучување на програмскиот сервис со детално образложение, се објавува на веб страната на Агенцијата во рок од од три дена од денот на неговото донесување .<br><br>(18) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен е да води посебно сметководство за активностите поврзани со реемитувањето на програмските сервиси.<br><br>(19) Агенцијата ќе го избрише операторот кој реемитува програмски сервиси од регистарот од ставот (12) од овој член доколку:<br><br>- во писмена форма ја извести Агенцијата дека престанал да ја врши дејноста;<br>- престане да ја извршува дејноста во период подолг од година дена;<br>- не започне да ја врши дејноста од датумот наведен во пријавата, а не ја извести Агенцијата за промена на истиот;<br>- со правосилна судска одлука му е забрането вршење на дејност и<br>- престанал да постои.<br><br>(20) Формата и содржината на регистарот од ставот (12) од овој член ги пропишува Агенцијата. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 152**<br><br>**Надлежност за вршење на програмски надзор**<br><br>(1) Програмскиот надзор (мониторинг) на програмските содржини кои се емитуваат, односно објавуваат од страна на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси од аспект на почитувањето на одредбите на овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата во согласност со Годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење на програмски надзор, го вршат вработени од организационата единица која за таа цел е формирана во стручната служба на Агенцијата.<br><br>(2) Програмскиот надзор од став (1) на овој член може да биде редовен согласно Годишниот план за вршење на програмски надзор, како и вонреден За секој извршен програмски надзор се составува писмен извештај кој се доставува до директорот на Агенцијата во рок од три дена од денот на извршениот програмски надзор.<br><br>(3) Доколку со програмскиот надзор е констатирана повреда или прекршување писмениот извештај содржи и | Се додава нов став 4:<br><br>(4) Давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси се должни на овластените лица да им овозможат непречено вршење на програмски надзор (мониторинг). | Сметаме дека дополнувањето на член 152 со додавање на став 4 кој предвидува законска обврска за операторите на јавни комуникациски мрежи од своја страна да овозможат непречено спроведување на програмскиот надзор ќе придонесе за подигнување на свеста на инволвираните страни за важноста од спроведувањето на таквиот надзор и потребата од придржување на сите учесници до одредбите од овој закон. |

| | | |
|---|---|---|
| предлог мерка согласно овој и друг закон.<br><br>**IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ**<br><br>**Член 157**<br><br>(1) Глоба во износ од 2-3% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:<br><br>1. не именува одговорен уредник (член 7 став (1));<br>2. не го донесе општиот акт или не го направи јавно достапен ( член 9 ставови (1), (2)<br>3. не ги објави податоците согласно член 15;<br>4. не ги достави податоците од член 16 став (1) или не ги објави истите согласно член 16 ставови (2) и (3);<br>5. не достави писмен извештај на начин и во рок согласно член 16 став (5);<br>6. има таен содружник согласно член 17;<br>7. дополнително се утврди дека еден од основачите на | | Предлагаме прочистување на видовите прекршоци и намалување на нивниот вкупен број. Исто така, сметаме дека глоба треба да се изрекува само за одредени потешки видови на прекршоци и дека глобата треба да се пресметува од вкупните приходи на субјектот остварен од соодветната дејност, а не од неговите вкупни приходи. Штом постои обврската на субјектите за водење на посебно сметководство овие приходи ќе бидат познати и соодветно на тоа ќе може да се пресметаат и казните. |

| | | |
|---|---|---|
| радиодифузер е правно лице од член 18 став (2);<br><br>8. се стекне со сопственост спротивно на членовите 20 и 21;<br><br>9. остварува недозволена медиумска концентрација спротивно на одредбите на член 22;<br><br>10. не ја извести Агенцијата за промена на сопственичката структура (член 24 став (1));<br><br>11. спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата ( член 24 став (2));<br><br>12. на Агенцијата по нејзино барање не и достави податоци од значење за одлучување (член 24 став (5));<br><br>13. не достави податоци од значење за одлучување на Агенцијата во постапката за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност (член 26 став (2));делото и недоставување податоци иста казна<br><br>14. не ги почитува ограничувањата за печатен медиум со порнографска содржина (член 51 став (2));<br><br>15. не ги почитува правилата за заштита на малолетната публика (член 51 став (3));<br><br>16. не ги почитува правилата за заштита на малолетната | | |

| | | |
|---|---|---|
| публика (член 57);<br><br>17. обезбедува телевизиско или радио емитување без дозвола за телевизиско или радио емитување (член 68 став(2));<br><br>18. обезбедува телевизиско или радио емитување во подрачје кое не му е определено во дозволата за телевизиско или радио емитување (член 68 став (3));<br><br>19. обезбедува употреба на јазик спротивно на член 70;<br><br>20. не спроведува најмалку 90% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела (член 73 став (6));<br><br>21. го промени или дополни програмскиот концепт на радиодифузерот врз основа на која радиодифузерот ја добил дозволата за телевизиско или радио емитување повеќе од 10%, без претходна согласност од Агенцијата (член 73 став (7));<br><br>22. дозволата за телевизиско или радио емитување ја пренесе на друго лице, (член 86 став (4));<br><br>23. не ги почитува обврските за емитување европски дела и дела од независни продуценти утврдени во член 97;<br><br>24. не ги почитува обврските утврдени во член 98;<br><br>25. не го почитува времетраењето на дневно емитување | | |

| | | |
|---|---|---|
| утврдено во член 96;<br><br>26. емитува рекламни и телешопинг спотови на начин спротивно на член 105;<br><br>27. времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час (член 106 став (1));<br><br>28. телешопинг прозорците не се јасно означени со оптички и звучни средства или немаат непрекинато траење од минимун 15 минути (член 109 став (1));<br><br>29. радиодифузерите кои емитуваат радио програма и јавниот радиодифузен сервис постапуваат спротивно на член 109 став (2);<br><br>30. времетраењето на рекламните спотови кај јавниот радиодифузен сервис е спротивно на член 110;<br><br>31. реемитува програмски сервиси спротивно на член 112 ;<br><br>32. не ги почитува обврските од член 114;<br><br>33. не склучи посебен договор за набавка на аудио/ аудиовизуелни дела согласно член 116 став (3);<br><br>34. начинот и постапката на спроведување на јавните конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелните дела, односно на програмските содржини и склучувањето на | | |

| | | |
|---|---|---|
| договорите се врши спротивно на актот од член 116 став (4);<br><br>35. не овозможи вршење на стручен надзор согласно член 155.<br><br>(2) За сторен прекршок од ставот (1) на овој член глоба во износ од 1000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец<br><br>**Член 158**<br><br>(1) Глоба во износ до 2% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:<br><br>1. не склучи договор со лице од кое нарачува прилог или не води посебна евиденција за склучените договори (член 9 ставови (3) и (4)); | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. не обезбеди информации достапни за корисниците согласно член 58 став (1);<br><br>3. не води дневна евиденција на емитуваната програма или не го снима излезниот сигнал на својата програма или снимките од целокупната програма не ги чува најмалку 60 дена по емитувањето (член 55 став (1));<br><br>4. програмите кои биле составен дел од каталогот неизменети не ги чува најмалку 30 дена по датумот кога престанале да им бидат достапни на корисниците (член 55 став (2));<br><br>5. во случај на покренување судски спор, не ги чува снимените материјали до завршувањето на спорот (член 55 став (4));<br><br>6. не води дневна евиденција или не обезбедува квалитет на снимките од целокупната програма на начин пропишан од Агенцијата (член 55 став (5));<br><br>7. аудиовизуелната комерцијална комуникација не е во согласност со член 60;<br><br>8. спонзорството не е во согласност со член 61;<br><br>9. пласирањето на производи не е во согласност со член 62;<br><br>10. аудиовизуелните медиумски услуги по барање се обезбедуваат без потврда за регистрација (член 63 | | |

| | | |
|---|---|---|
| став (1));<br><br>11. не ја извести Агенцијата за секоја промена на податоците во утврдениот рок (член 63 став (9));<br><br>12. при квизови или различните облици на наградно учествување на слушателите и гледачите на аудио или аудиовизуелна програма не обезбеди недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда (член 59 );<br><br>13. врз основа на добиени ексклузивни права емитува настани од големо значење за општеството спротивно на член 93;<br><br>14. не обезбеди право на кратко известување за настани од големо значење согласно член 95;<br><br>15. користи телефонски услуги со додадена вредност, вклучувајќи го и телефонското гласање во вести, во информативна и образовна програма, во верски служби и проповеди и во програми за деца (член 99 став (1));<br><br>16. користи телефонски услуги со додадена вредност спротивно на член 99 став (2);<br><br>17. емитува игри на среќа организирани од субјекти кои немаат лиценца од надлежен орган за организирање игри на среќа (член 100 став (1));<br><br>18. организира и емитува игри на среќа со обложување | | |

| | | |
|---|---|---|
| на спортски натпревар (член 100 став (2));<br><br>19. се поврзува во единствен систем за емитување на заедничка програма, без претходно доставено известување до Агенцијата (член 101 став (1));<br><br>20. не ја извести Агенцијата за програмскиот концепт за заедничката програма или не именува одговорен уредник на програмата (член 101 став (2));<br><br>21. идентификацијата не ја обезбедува согласно член 103;<br><br>22. рекламирањето и телешопингот не се јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата (член 104 став (1));<br><br>23. во рекламите и телешопингот, визуелно или тонски, прикажува лица кои редовно презентираат вести и актуелни информативни емисии (член 107);<br><br>24. најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата не достави извештај за износот на вкупниот приход (член 113 став (3));<br><br>25. не ги објави Годишниот извештај за работа за претходната година и Годишната програма за работа за наредната година на својата веб страна (член 117 став (7));<br><br>26. не ја објави на својата веб страна Предлог-програмата за работа за наредната година пред да | | |

| | | |
|---|---|---|
| ја достави во Собранието на Република Македонија (член 124 став (1)).<br>27. не го објави статут на МРТ на веб страната на МРТ (член 125 став (3));<br>28. не ги објави дневниот ред, записниците од седниците на Програмскиот совет на МРТ, донесените одлуки како и изјаснувањето на членовите на Програмскиот совет на МРТ при постапката на гласање за одредено прашање одлука на веб страната на МРТ во рок од седум дена од денот на одржаната седница (член 133 став (3));<br>29. не го ажурира Регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузната такса согласно член 148 став (2));<br><br>(2) За сторен прекршок од ставот (1) на овој член глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното чице и на трговец поединец. | | |
| **Член 164**<br>(1) Постојните субјектите кои реемитуваат програмски сервиси преку јавни комуникациски мрежи, должни се во | Член 164 се менува и гласи:<br>(1) Постојните субјектите кои реемитуваат програмски сервиси преку јавни комуникациски | Сметаме дека рокот треба да изнесува 12 месеци, особено поради фактот што по донесувањето на Законот во истиот временски период ќе следи донесување на одреден број |

| | | |
|---|---|---|
| рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овој закон до Агенцијата да достават пријава за регистрација согласно овој закон.<br><br>(2) Постојните субјектите кои издаваат печат или издаваат електронски публикации, се должни во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овој закон до Агенцијата да достават пријава за регистрација согласно овој закон.<br><br>(3) Постојните радиодифузери треба да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон. | мрежи, должни се во рок од дванаесет месеци од денот на влегување во сила на овој закон до Агенцијата да достават пријава за регистрација согласно овој закон односно да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон.<br>(2) Постојните субјектите кои издаваат печат или издаваат електронски публикации, се должни во рок од дванаесет месеци од денот на влегување во сила на овој закон до Агенцијата да достават пријава за регистрација согласно овој закон односно да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон. | подзаконски акти со кои подетално се уредуваат обврските на субјектите. |